
АНТЕ
ПОПОВСКИ
ненасловена



*Анте Поповски* НЕНАСЛОВЕНА

*Главен уредник*
Божин Павловски

*Уредници*
Лилјана Угриновска
Ташко Георгиевски

*Ликовен уредник*
Кочо Фидановски

*анте*
*поповски*

# *ненасловена*

МИСЛА

CIP — Каталогизација во публикација, Народна и универзитетска библиотека „Климент Охридски", Скопје

886.6-1

ПОПОВСКИ, Анте
Ненасловена / Анте Поповски. — Скопје : Мисла, 1988. — 96 стр. 22 см

ISBN 86-15-00006-9

## ВРВОИ

Во голема возбуда тој се обѕрнуваше зад себе
да провери до каде се другите што го следеа
а потоа одново продолжуваше да лази,
чипчејќи се со раскрвавените прсти за карпата,
за коренчињата, за стебленцата . . .

А кога се искачија на врвот
тој им рече да погледаат долу, во провалијата,
и дури тогај тие забележаа
дека на тоа место месечината и ѕвездите
им се поблиску отколку земјата.
— Нашето беше до тука, им рече тој,
оттука нагоре
само душата може да се искачи!



## ДРВО ШТО КРВАРИ

Некој стои качен на древен ѕид од црвен керпич
и гледа пат како излегува од морето
и во насока на друго море како продолжува.

Патот е зарамнет и знае сѐ за себеси.
Копитата тапкани едно врз друго и во круг
имаат своја геометрија, свое паметење, свој ветар,
тоа не се траги на крупни и гледани коњи,
тоа не е кас на римски освојувачи, на крстоносци,
на ислами со бајраци и полумесечини;
тоа се траги на боси и непотковани копита
на наши коњи и крај нив траги
од непорочен допир на човечко месо и земја:
тоа се босите нозе на мојот народ.

Си велам: и робовите оделе боси . . .
и Исус одел бос. . .
Само босите оставале траги низ историјата. . .

Ни стебло, ни ѕвезда, ни луња.
Ништо друго не е запишано врз земјата.
Само овие траги на осамен народ
на кој сѐ може да му се одземе
освен — сеќавањето.

# ВО МИСЛИТЕ ДОМ

*на Блаже Конески*

Прекрстив скелет од колци вкопани в земја,
соѕидав ѕидишта, нафрлав кал,
и секој ѕид му се оѕиваше на сонцето.
Направив убаво огниште: со синџири, со полица,
со чингели, со тланик,
дигнав висок оџак и утринум гледав
со чадот нагоре
како шетаат и моето тело
и моето дивно име:
ниско под земјата — високо над ѕвездите.

Во мислите го видов јас својот дом
— колку за својот костур,
меѓу еден манастир и едно езеро.

И имаше само една врата мојот дом
— колку да влезам во него;
и една постела покрај огништето
— колку да легнам на неа:
*сам со својата смрт,*
*како со невеста — во ноќ на затруднување.*



# ЗАПИС ЗА КОВАЧОТ

Небаре Каин,
ковачот не им обрнуваше внимание на намерниците
туку страсно му се предаваше на поривот,
го засилуваше огнот,
го вртеше металот низ пламенот,
и кога ќе го усвитеше
продолжуваше удирајќи со чеканот
да го издолжува, да го обликува:
ножот што го коваше . . .

Кога беше прикрај со работата
тој го запраша селанецот седнат крај него:
— А што работаш ти и од кои краишта си?

Низ долго искуство животот го поучил него
да ги распрашува своите муштерии
од каде се и што се. Тој убаво знаеше
дека ножовите се како и луѓето:

за повисоки врвои — поостри ножови . . .

## КАМЕНО ОКО

Со векови само молчи
една кула, едно камено око:

Ниту страхува од нешто — ниту се надева на нешто.
Маховина покрива некој 'рѓосан меч
— и тоа е сè. Дури се забивал — блескал мечот.
Преполовен од друг меч сега е само прав
во правот на рацете што го држеле.
Никој не ја забележува таа кула,
тоа камено око. Но, таа убаво памети
како се покажуваа, како надоаѓаа деца,
како играа околу неа, растеа и обелуваа . . .
Замолчуваа . . .

Со векови само молчи
една кула — едно камено око.



## ОРЛИЦА, ОРНИЦА, ОРТОМА

Во Речникот на македонскиот јазик
три збора стојат едно под друго:

Орлица, само гледа и само памети,
наизуст ги знае имињата на сè
што било загледано нагоре.
Ги претскажува летата и ветровите,
ги наслушува ѕвездите,
прекрасно ја чисти земјата од мртовци . . .

Орница: свртена кон сонцето слуша
Орфеј уште им пее на ѕвездите!
Ракопис според кој ниту живите
им се враќаат на мртвите — ниту мртвите
имаат друга земја освен нивната!
Камењето и билките се живиот епитаф
на сè она што допрва ќе гори . . .

Ортома: меѓу орлица и орница шарена змија,
стебло со рани и засеци. Зборовите
низ која се престоруваат блиска рода
на згниените мечови и коски. Глас
на епските ѕвона што се слуша ноќе,
во зол час:

високо — орлица,
под неа — орница,
на ортома меѓу нив — Ти!

## ЕСЕНСКА ЗА НАС ДВАЈЦАТА

Да се молчи,
да не се засилува огнот со железо,
да не се загризува неначнат леб,
да не се оди по главни друмови,
да не се гледа во ноќното небо,
небаре непознати,
како никогаш да не се виделе,
како никогаш да не се допреле:

сега сме два живи камена,
некогаш само ветар меѓу нив
ќе се провира и пишти . . .



## ЛЕКОВИТА

Зашто не со зборови туку со ѕвездило
таа ги пишува ѕвездите,
и низ водени гласови шепти со дождот,

зашто тројни јазли им врзува на болестите,
и на сите уроци, уплави и нави
што кружат околу твојот сон,

затоа ја напишав оваа песна:
лековита! Има сила да те оздраве од сè
зашто низ неа најбрзо расте

— заборавот. . .

## ПУСТИНА

Без сина наметка со жолта постава,
и без својот нечист дух,
кај талкам јас,

што барам јас во оваа пустина?

Бог не сака да ме сретне,
пророците тука го следат само Израила,
а јас, и без народ и без земја,

што барам јас во оваа пустина?

Ѕвездата моја ми шепти: си има тоа смисла,
ноќва пустината ќе си шепти со еден мал човек
човекот — со една голема пустина во себе . . .



## ТОЧНА ДИЈАГНОЗА

Долго ме распрашува лекарот: од кога, како,
ме гледа, ми ги напипува прстите, нозете, главата

а потоа ги шири рацете: Псоријазис, вели,
— облик на бесконечно скаменување приживе.

Тоа е, велам. Ниедна друга дијагноза
не може да биде поточна од ова
бесконечно скаменување приживе,
зашто само земјата е конечна . . .

Само едно стебленце уште
кога би раззеленало врз мене
за сликата сосема реална да биде!

## ЕПИТАФ

Никогаш не помислив:
ова е добро — ова е зло,
ова е вистина — а ова лага.

Никогаш не реков:
ова е вечно — ова исчезнува,
ова ќе — а ова нема да постои.

Мене ме возбудуваа само:
дамнините во сегашноста,
фактот дека во полна свест гледаме.

Ветар како нè запишува врз ѕидот на времето
та сите заедно сме веќе
една грозна тишина.



## ЗАПИС

Сестра Ефимија сама на брегот,
ги допира водите, ги ослушкува.

Боса кружи и низ својот ôд
препишува врз песокот
сè што ѝ шепти езерото:

кога исчезнува народот
во овој испустен манастир
сите стебла есени

умеат да се молат небаре монаси.

# ОДНОВО ВО СОЛУН

Некогаш, Бог дури ги создаваше нештата
морето беше бесконечно. Сега залудно тоа
низ жестоки бури себеси се ништи.
О, невино, и самиот во мачна прелага
живеев, сè дури не осознав
дека и врз твоите коски е удрен печат
на прокоба и роб: јас продолжувам
а ти како заробеник
стоиш оковано на брегот на мојата татковина.
Жестока казна е тоа некој и в соне
над сите светлини

само твојот синџир да го слуша.



# ВТОРОТО СОЗДАВАЊЕ, И, КОНЕЧНО

*на Илија Аџиевски*

Така ме поучи богот на моите години
и јас послушав: пролети, саботно утро,
се искачив до домот на скулпторот,
влегов во неговото ателје и не помислувајќи
дека влегувам во тајната на создавањето.
И гледам: една безлична, хаотична глинена маса
одново како се обликува во еднаш веќе
обликуван израз и како еден видлив бог
го надополнува својот невидлив и строг
претходник, кој одамна беше ме создал.

Новиот бог застануваше пред мене
со раширени раце полни со глина,
и со проникли́в, пророчки поглед
љубопитно навлегуваше во мене, копаше,
го читаше мојот крвав пергамент
и го препишуваше со глината.
Си мислам: и каменот некогаш бил жив,
и водата и глината биле живи,
шетале и зборувале.
Првиот бог од безлични нешта создал живот,
вториот бог од животот се мачи
да ги избегне грешките на првиот бог.

Пролет е. Ја допирам глината
и одненадеж сфаќам:
ако излезам од телото — јас скоро ќе процветам...

Се допирам себеси и одново да не ме забележи никој
ја допирам и глината од која ме пресоздава
скулпторот. Таа постапно се засушува
и чувствувам дека е убав мирисот на земјата.

Би останал тука. Во оваа глина.
За да не ја валкам земјата долу,
за да не се валкам себеси газејќи ја.
Постапно се суши глината и по некои
сивкасти скалила нејзината душа
се искачува нагоре. И мојава песна по неа.
Некое далечно сонце ме суши, о смрти,
зашто не храбри —
туку темни и оковани се бреговите твои
и сега веќе некое мртво сонце ме суши.



## БАРАМ ЕДНО МЕСТО

Градската ластовица и селската ластовица
не се исти ластовици:

| | | |
|---|---|---|
| Градската е недоверчива | = | селската е понаивна |
| се буди доцна | = | се буди пред зори |
| не е плашлива | = | е плашлива |
| не лета брзо | = | брзо лета |
| повеќе лебди | = | повеќе лета |
| ги љуби височините | = | ја сака земјата<br>но никогаш не ја допира |
| лета тихо и еднолично | = | со занес лета и палаво |
| се крие од дождови | = | љуби дождови |
| лови пеперуги | = | лови цветови |
| не кружи | = | упорно кружи |
| Не е Изида | = | Е Изида, тагува над Озирис<br>сè до изгревот на сонцето |
| не кружи | = | Упорно кружи. |

Само над едно место. Можеби тоа место е домољубно?
Твојата Голгота и твојот Витлеем? Што ли те мачи
та се будиш да ја читаш онаа песна,
о, Озирис?
о, Озирис?

## СВЕШТЕН СТРАВ

Понеделник, вторник, петок. . .
И одеднаш некоја глупа исповед:
ми летнаа деновите. . .

Водици, Пречиста, Божиќ . . .
И одново таа исповед:
ми летнаа годините; остаревме . . .

Господи! А да не остаревме?
Па зошто тогај таа возбуда
кога смислата е во тоа да се исчезнува?

Зашто не ние него — туку, тој, животот нас нè изневери,
тоа е барем јасно.



## АНАЛОГИИ

Е — е — еј. . . Е — е — еј . . .
Мојот довик ги надлета зорите,
се префрли преку планината,
таму го поседе друга планина,
трета,
петта . . .

Квечерина, поцрвенет од сонцето,
со бело шамивче околу вратот,
се покажа откај планината
нечиј глас со златни менѓушки,
се спушти низ ливадите,
се искачи на мојот чардак:

Е — е — еј . . . — Е — е — еј . . .

Ништо не исчезна во животот
па сепак останавме сами:
себеси и семе и — плод.

# НЕДОСТИЖНОСТ

*на Ернесто Карденал*

Ќе одминува времето,
ќе одминуваме,
ќе бидеме сѐ поблагородни,
сѐ повозвишени:

во висока возбуда човек посакува
да не биде барем невидлив,
да биде барем стракче
меѓу илјадниците коренчиња:

*зашто недостижно е да се биде стебло*
*засадено покрај извори . . .*



# ПРЕСУШЕНО МОРЕ

Една птица бела полетуваше во зорите,
кружеше над морето, го препишуваше врз себе,
небесносина во залезот се враќаше.

Ќе ти помогнам, му откликнуваше таа
на еден осамен човек,
и дури сонуваше крај него.

Тој низ неа го препрочитуваше житието на морето,
ја впиваше неговата синина,
па одново бела полетуваше во зорите

сѐ до капка одново дури не го препишеше морето
и дури не ги јаглеоса
ѕвездените мапи на неговите кораби.

Еднаш, кога се врати птицата во залезот,
не го најде осамениот човек па долго надлетуваше
над неговиот двор, прошета низ пирејот,

и не можеше да го препознае човекот,
цел живот што ја препишуваше земјата врз себе,
ноќе што го препишуваше морето од птицата:

тој стоеше потпрен, речиси — исправен
пред својот дом, скаменет, спокоен

— сам себеси син епитаф.

## КОГА БИ СЕ СЛУЧИЛО ТОА

Тука научив дека ништо не исчезнува
и дека во збор продолжува и трае.

Тука научив долго да паметам,
да ѝ се ѕивам на секоја боја, на секој залез,
на секој довик на предците в полноќи.
На ова македонско огниште,
на ова колнато место научив
дека и смртта може да уследи

по сè што е замисливо

— дури и после точката на овој ред!

Кога би се случило тоа
никогаш, значи, во овој живот
веќе не би се вратил
и никој освен тебе самиот не би знаел
по што си копнеел. . .

О, крви, со која Исус го потпиша
сам своето исчезнување!



## ПАЛИМПСЕСТИ

Се враќам таму.

Во права линија оттука е таа планина
и во планината народ сосе крошни, сосе ноќви,
сосе секири. Талка низ камењарот,
бара нешто низ маховината, низ јагликите,
во трагите од дивечот,
влегува во пештерите, ги ослушкува знаците
по ѕидиштата, го одгатнува стенкањето
на коските в земи,
и дури татне луњата пали огнови,
запишува нешто по ридовите,
зашто секоја негова стапка е некоја тајна
и некој збор. Само оди и само бара,
само оди и само бара нешто
без свршеток.

Се враќам таму.
Триесет години пределот е невин,
без допир: и птици само го надлетуваат.
Раскажувам и барам:
коска в коски, збор во зборот.
Слушам: не барај ги нив
— барај го она тие што го бараа.

## ОДГОВОР

Сѐ со убава помисла
и сѐ некој те возбудил со нешто:
— ню, каде си?
— како си?
— што си?

А ти само молчиш, шеташ со погледот,
препишуваш некој древен
неосквернат
ракопис
на исчезнување.



## ВЕЧЕРНО

Некои урнатини, обраснато камење, оброчиште
и еден темен напев што се издига во залезот:

три жолти цветови, наведнати над каменот,
секое нивно потреперување — некој потаен збор,
се нишаат и се молат во летниот припек.

Три жолти цветови — три исчезнати монаси
ќе испејат вечерно
и пак ќе си легнат врз лишајот на каменот

врз својата неоскверната постела.

# ЗАЛУДНОСТ

Зборовите не се живот па затоа се вечни.
Морало, значи, да постојат сериозни причини
за меѓу сите јазици на светот
само во циганскиот
да не постои глаголот и м а м.

Го запишувам тоа. Но залудно:
Во душата не се запишува со перо . . .



# НА РАЗДЕЛБА, ПРЕД ДА СЕ ВРАТИШ ВО СВОЈАТА ТАТКОВИНА

По кои патишта Ти се насели во мене —
јас не знам:
како кученце свиткано в нозе
скришум ги подотвораш очите
и при секоја моја помисла на нешто
се стресуваш небаре пролетни грмотевици
низ коски Ти лазат.

Твојата црвена кошула
оган е кој ја осветлува есенската ноќ
на еден туѓинец

кој и во својот сон со зборови ја рисува
својата малечка татковина
која еднаш беше негов голем затвор . . .

## ЈИДИШ — МОЛИТВА

Сите со столетија кои влегувале и излегувале
од пештерите на Адам; од мигот кои правеле
вечност и од вечноста миг; од древности
кои собирале ѕвезди во пустината
и сушеле месечини по планините;
сите кои се пресоздавале во камења што летаат
и кои никакви значења не им придавале
на своите страдања

— се раѓале со молитвеник в рака.
Секој ѕид и секој камен го престориле
во молитва и писмо и сега коленичат
пред нивниот најмлад Бог Молоховски
пеејќи му:

О, милостив боже
за извесно време
избери си друг народ
зашто ние сме веќе
изморени од смрти
и трупови
и немаме веќе молитви
наш милостив боже
за извесно време
избери си друг народ!



## АНТИГОНА

Каде ѝ да се заораше бразда —
од земјата никнуваа воини,
со сјајни мечови и копје.
Но за кратко: брат ништеше брата
и во незнајни и чужди земји го бркаше.
Така падна и Полиник. Зедов да го закопам,
да го направам еднаков со мртвите:
— Го признаваш ли делото што го направи?
— Не го порекнувам. Мој чин е тоа.
Ги слушав законите кои се постари
од вашите кои ги заповедате денес:
го закопав синот на мојата мајка
и посрамотено ли е моето име поради тоа?
— Но, твојот брат душман ни беше нам,
кои заповедаме?
— А јас за љубов сум родена а не за омраза.
— Ти штом мораш да љубиш — тоа долу,
во земјата прави го тоа.

И ме фрлија во отворена гробница,
но јас не смртта туку љубовта ја довикував
и го преповторував стихот на Бертолд Брехт:

Ти немаш слабости
јас имав една:
— ЉУБЕВ!

## ВЕРОЛОМНО ПИСМО

Трпезата на ѕидот во црквата беше поставена со леб,
со риби, бокалче вино. И седеше тука
осамена светица — млада и очајна.
Со векови таа го чекаше да се покаже зографот
а кога сфати дека тој безнадежно отпатувал
таа само ја допре неговата четка обесена на ѕидот
и некаде пладнето крај неа оживеа русокосо момче
со пеги на лицето. Го препозна, го погледа,
го поведе за рака и го — бакна!
Тоа беше сета одмазда за сите патила во осамата.
Така таа врз душата на Бога
втисна очајнички печат,
запиша вероломно писмо . . .
Така ја искова својата изневера.



## АВТОНОМНОСТ

Среде жито стасано до жетва
се изделуваше осамено пламенче
— стракче црвен мак.

Безутешно: топол ветар во пладнето
му ги откина листенцата,
му ги одвеа некаде, ги разнесе . . .

Едно случајно стракче црвенило,
какви на илјада секојдневно ги прескака видот,
одеднаш го возбудило човека

поради својата автономност среде житото,
поради фактот, значи,
дека само во смртта ќе бидеш автономен . . .

## ЕПИТАФ НА МОНАХ ТЕОДОР ОТ ГАРИ

И душа ми сичко виде
и лилјаци по спилии
жлти пилци по небеса

у Света Гора и икони пијани
у Синаја црни ветар

и легох у чужда земја
а корен ми у баштина

крст ми — слнце
а душа ми — пустина

— немојте ми коски претресати . . .



## ЌЕ ЧЕКАМ

*На Назим Хикмет*

Под една бука . . .
Не под една бука —
буката живее само триста години!

Под една топола . . .
Не под една топола —
тополата живее само седумстотини години!

Под еден чинар . . .
Не под еден чинар —
чинарот живее само илјада години!

Под еден костен . . .
Не под еден костен —
костенот живее само три илјади години!

Под еден чемпрес . . .
Не под еден чемпрес —
чемпресот живее само пет илјади години!

Под ѕвездено стебло
колку што трае Бог ќе чекам
зашто не чекам само за себе

да видам како се здружуваат
коските на едно исто тело,
како се извишува в троено делото

на нејзиното величество — Татковината!

## АЛЕЛУЈА

Она сум што не постои.
Помислата на незнајно
— точно во тоа ме пресоздава.

По што друго да копнеам?
Што да чекам,
на што да се надевам?

Ги распознав веслата
што го означуваат местото
кајшто сега лежат Аргонаутите,
јазолот од три јажиња
околу вратот на татковината
му го принесов на Александар Македонски.
Го успивам Одисеј на жолта
еднокрилна птица над Троја
и со македонско писмо
се ѕивам во тревата
над мојата глава.

По што друго да копнеам?
Што да чекам?
На што да се надевам?



## СЕНКАТА НА СИНООКИОТ МЛАДИЧ

Секоја квечерина таа доаѓаше
на прошетка покрај езерото и
детето дури си играше во песокот
таа застануваше и гледаше
нејзината сенка и сенката на борот
заедно како влегуваат и шетаат низ езерото.

Возвишено, во прекрасна болка,
таа ќе ја поткренеше раката,
стеблото ќе му ја отстапеше својата
става на споменот,
ќе се потпреше таа на едно невидливо раме,
ќе го прегрнеше и долго потоа гледаше

две сенки како се нишаат во залезот,
како се кршат во времето
и од бран во бран како исчезнуваат . . .

## КАМЕНОТ НА ЖАН РУСЛО

Се издолжи зимата
и доцна долетаа птиците.

Тој се загледа во нив
и со раширени раце
под сенката на јатото
и запеја на пролетта
и ја бакна својата амајлија
— камен во небесна боја
околу вратот:

каменот — што не ја погоди птицата.



## КОПНЕЖ

Пред да се раздени — за неа беше разденато,
пред да се стемни — за неа беше стемнато,
го преврзуваше сонцето со влажна шамија
и го успиваше крај неа.
Ние дури чекавме да расцутат овошките
— таа веќе ги береше плодовите од нив,
полни чинии поставаше пред нас.
И ништо не ја возбудуваше: ние ќе ѝ покажевме
камена птица што лета
Таа ќе речеше: да, тоа сум јас, —
птица во окото на сонцето . . .
Ќе ѝ принесевме сини цветови што ги брал
Александар Македонски покрај Златна Река
Таа ќе речеше: тие цветови веќе сум ги
носела в пазуви . . . И секогаш молчеше. Велеше:
сѐ што имав да речам — си го реков себеси,
право е на другите да си молчат
за својата судбина . . .
Не постоеше ништо што можеше да ја возбуди.
Цел живот верував дека е жена —
не знаев дека е Бог:
само тој не копнее по ништо . . .

# КОН МОИТЕ ВРСНИЦИ

*Мозис Холмен: „. . . камењето ги затрупува камењето . . .“*

Одново се враќаме тука — Вие и јас,
во младоста кајшто палевме огнови низ планината,
на црвени коњи, со златни потковици,
кајшто ги прескакавме бреговите на голема река,
и санок, пеејќи му на летото,
со непорочни чувства
ја рисувавме својата татковина
и ја населувавме меѓу ѕвездите.

Сега тука одново се вративме — Вие и јас.
Реката секнала,
коњите исчезнале,
во диво билје обраснале портите на нашите домови,
се замаглил и нашиот вид
и ништо веќе не распознаваме меѓу ѕвездите:
Камење ги затрупува мртвите извори
а календарите ги бројат летата
што веќе ги нема,

што веќе ги нема . . .



# ЗАПИС

Борхес прераскажува запис од Исток според кој
во пустините на Индија растеле црвени ружи
и врз листенцата со златна боја било запишано:
нема друг бог освен тебе . . .

Во еден запис од Арапските пустини
се раскажува за овошки долж Тигар и Еуфрат
кои наместо плодови
раѓале птици . . .

Во запис од Македонија се говори
за скачки кои имале по четири рала крилја
па врз едно крилце на латински и елински пишувало:
ништо не е лага туку вистина е. . .

Утринава го прашувам монахот:
— каде е сестра Ефимија?
— зад молитвата е, вели,
коленичи пред Света Дева и ја моли
да го надои јаренцето што се врати болно од пасење...

# ОТКРИВАЊЕ НА ОГНИШТЕ В ПЛАНИНА

Иво Андриќ: „... *Некој некогаш бил оган.*"

Откривме огниште со опалено камење,
со гламни, со јаглење, со пепел.
Огниште в планина.

Огништето кажува дека тука некогаш седеле тројца.
Едниот го врзувал коњот и потпевнувал,
другиот се огледувал во секирата осветлена од огнот,
третиот загледан во искрите нагоре
се преведувал себеси во пепел.

Одново на ова изгаснато огниште запаливме оган.
Тројца сме: едниот го врзува коњот и потпевнува,
другиот ја гледа таа иста месечина што некој,
заминувајќи си, морал да ја остави тука,
третиот осознава дека огнот е семе: од неговите искри
се мнојжат оние кои допрва ќе горат.

Претаме во пепелта: некој некогаш бил оган...



# ЦРНО ОРО

Над нејзината постела
стоеше фотографија.
На неа: Таа и Тој.

Смири го, синко, радиото, замоли,
јас не знам да ти појаснам зошто
ама секогаш кога го свират Тешкото

Татко ти излегува од фотографијата
и со црвена шамија во рацете
заигрува и скока та се затресува куќата,

— чиниш се урива чардакот...

## ЦРНИОТ АНГЕЛ

Тоа лето во Света Софија Охридска
утринум влезе
некоја млада црнкиња.

Момето отпрво си постоја среде црквата,
потоа се допре до ѕидот, се загледа нагоре,
и не се помрдна веќе:

земјата незабележливо ја поткреваше нагоре
и среде неосквернатата свеченост и мир
ја наведна главата врз светецот на ѕидот,

и ги склопи рацете на молитва
и се насмевна. Црн ангел се скри меѓу редовите
на Песната над песните и не се симна веќе . . .



## ДОВИКУВАЊА

Ги исековме стеблата, рекоа,
и навистина: стеблата беа исечени
но нивните долги сенки уште се распознаваа!

Од стеблата останале само три трупци,
три столчиња за духовите. Можно ли е,
прашувам, еден осакатен труп

да фрла сенка долга до црквата?

Сенките на пресечените стебла, рекоа,
се возобновуваат од гласот вопијушт на камбаната
која нè довикува!

Слушаш ли како се издолжува сенката?

## СПОМЕНИК

Девојка си учи во паркот,
на клупа,
спроти биста на младич.
А залезот е убав
и сенката што ја прави е долга
за младичот од бистата
незабележливо да ѝ се доближи,
да седне крај неа,
да се загледа во нејзините сини очи
и да ја слуша како го повторува Лјеу:
. . . Твоето тело ѝ припаѓа на татковината
но доколку се претвориш во прав
твој споменик ќе ти бидам јас . . .



## ПО ПОТОПОТ

Меѓу камчињата во реката можеш да си одбереш
какви сакаш: елиптични, мазни,
поголеми или помали, бели или потемни,
окер или црвенкасти.
Оние со небесна боја меѓу нив
се најинтелигентни и најнеодгатливи:
помислуваш дека ти се врсници —
а тие уште од древности:
го паметат Исуса кога трчал по мајка му да го дои.

Дружељубиви се и тихи и никогаш тие
не те оставаат сам. Одат со тебе,
пред тебе, зад тебе. Слушаат што мислиш,
со презир те гледаат што си се нажалил
за изгорените невени покрај воденичкиот камен,
што си се возбудил поради сцрвенатата трева крај нив,
а продолжуваш да го восфалуваш сонцето
и ги заплашуваш со потоп!

Тие тогај застануваат пред тебе
и во хор ти одговараат:

— Потоп? Нека биде!
По потопот земјата барем ќе има
еден јазик и исти зборови!

# ЕДЕН ОСАМЕН ЧОВЕК

Еден осамен човек

жив отпечаток на каменот.
Побрзо ѕвезда ќе паднеше
отколку тој да изусти збор.

Мислеше: секој збор
може да биде последен!
Човек — по човекот!

Мислеше: душа е зборот
која патува низ вечноста,
семе кое не гние.

Каква светлина оставаш зад себе?
Во која пустина се населуваш?
Каков ветар заповедаш да дува

по морињата, о ти, Збор,
што може да биде твој последен,
Човек по — човекот?

Ти молчиш — ѕвездите те прераскажуваат:
о, молчењето на љубовта —
молчењето на смртта!



# РЕКА

Реката е бистра,
со мазни белутраци на дното:
жолти, црни и небесни. . .

Има високи тополи
и патека долж брегот
сѐ до утоката.

Сакам да бидам река,
една жена со бело шамивче околу вратот
секоја квечерина шета долж реката и пее хаику:

О, цветови, слушам што ми зборувате:
ние не цветаме за стари . . .

## СЕ СЕЌАВАМ ЈАС НА ТАА ПТИЦА

Се сеќавам јас на таа птица
не поради тоа
што на нејзиниот воден пат
со недели лебдејќи во небесата
не го допре со крилја морето —
туку поради откликот на стеблото:
кога се покажа птицата
стеблото почна да се искачува кон неа,
ги рашири крошните,
ги отвори како древна книга
според која

ниедна трага не исчезнува
и залудно не е ничие исчезнување.



## СЕЌАВАЊЕ

Залезот доаѓаше во иста доба
само заради осамената старичка
во нашата улица.

Ќе блеснеше во црвенило нејзиниот чардак
таа тогај ќе наполнеше вода од бунарот во дворот
ќе застанеше над секоја саксија на чардакот,
ќе ги налееше цвеќињата,
ќе прошепотеше нешто со нив,
а потоа ќе запалеше и свеќа
и ќе ја запееше: на многаја лета.

И сама од себе тогај,
на среде пеење, ќе се занишаше, почнуваше да ѕвони
камбаната на соседната црква.

Сега, точно на залез,
јарко блеснува крстот на една камбанарија
и една птица само ќе прелета од чардакот

и ќе застане на крстот,

## КАМЕНА ПРИКАЗНА

Нежна мушичка,
заробена од смолата
што линее долж стеблото на борот.

Се мачи да се одлепи, невината,
го поткрева главчето, прпелка со крилцата,
и секој обид одново да погледа кон сонцето

— е нова казна: стежнува нејзиното тело,
сè подлабоко и побезнадежно
само се заробува во смолата . . .

Некогаш, по многу векови и студ,
заедно ќе се скаменат мушичката и смолата.
И никој тогај нема да помисли, никој да поверува

дека некој го следел нивното вљубување
и го запишал: неговото писмо ќе биде
прекрасниот килибар кој ќе блесне

на градите на идните девојки.
Подарок негов за чедноста на случајот
пресоздаден во љубовен порив:

килибарот ќе се сеќава на борот —
девојките ќе вишнеат кон него!



## ДВА КАМЕНИ СТОЛБА

Два камени столба
излегле над патот
пред селото.

Птица потскокнува
ту на едниот — ту на другиот камен
и чита запис во нив

што го издлабиле ветровите.

Два голи камена, значи,
излегле на ридот пред селото,
само пречекуваат — само испраќаат,

пречекуваат — испраќаат,

испраќаат . . .

## ШЕТАЈЌИ ПО БРЕГОТ НА ЕГЕЈСКОТО МОРЕ

Распнат во себе, проколнат и сам,
го испраќам овој жесток век
и светкам на брегот

како жива рана на морето.

Ѕвездата јасно ми пее
дека од иста библиска клетка
сме создадени овој век, ова море и јас.

Но, векот одминува, јас одминувам,
еден растурен народ, како жив талисман
ќе им ги прераскажува на иднината

оние кои останале тука и сега шетаат
за да му бидат ситна прав
на брегот на морето.

Небаре мудрец: тргнувам и пак се враќам . . .
Човек копнее по она што го порекнува,
го порекнува она по кое копнее . . .

Есени, светкам како жива рана на морето . . .



## ВОЛКОТ

*На Јована Стрезовски за „Коренот"*

Ништо не би значеле тие виулици, тие маглишта,
тоа морничаво завивање на глутницата,
— без него.

Во еден жесток зафат со забите
волкот се нафрли на својата нога фатена во стапица,
скрцка коската, ја одгриза и ја — фрли.

Влечејќи се, 'ржејќи и виејќи,
застана потоа, се дигна на задните нозе,
направи исконски скок, застана

и победнички завивајќи
ги затресе стеблата, се огласи планината,
ѝ запеа на стихијата и исчезна во неа.

# ПАТУВАЈЌИ СО ФЕНГ ПО МАКЕДОНИЈА

Со денови патуваме по Македонија. И сè е логично:
билките, бигорот, плодовите, птиците, луѓето.
Колку змии има до врвот на овој камењар,
прашува Фенг и удира со стапчето по каменот,
брка низ грмушките, покажува на некои избелени коски,
на овој исушен череп му е совршено здодевно, вели,
го поздравува монахот кој нè настигнува, потоа
ме гледа в очи и вели: калуѓерот ми проштева на мојот
обид да му се придружам. Колку волци има
до врвот на овој камењар, прашува, и вели:
во оваа земја уште не видов гробишта! Не е можно
сите да се осудени? Само осудените на смрт
немаат право на гроб и нивните тела
не им ги даваат на семејствата . . .
Се искачуваме забележувајќи сè што не може
да се забележи со око, не сфаќајќи ништо
и не отфрлајќи ништо — ме гледа прво в очи:
тука нема вода; за какви коски зборуваш?
Обли, тркалезни, јадри зборови, вели,
долгите и тенки зборови брзо се сушат.
Кратки зборови. Кратките стрели
можат да се следат со око. Ме гледа:
начинот на смртта не е ограничен, вели, но ова е
прва земја во која не видов гробишта;
или сите се живи или сите се мртви,
некој необјаснив збор ги суши коските.

И залез е веќе. Бел камењар, црвена земја,
ти проштеваат мртвите на твојот обид
да им се придружиш.



# МОНАХОТ ОД КУЧЕВИШТА ШТО СОЗДАВА РУЖИ

Откако убаво ја раскопа земјата
тој почна да размислува и за буквите
па од сета азбука ги избра само Р и У,
ги запрета в земи а тие таму се испреплетоа
и врзаа густо корење. По некое време
се покажа и стебленце и виде дека тоа
убаво ботее доколку пеејќи му заспиеш крај него.
Откако извиши стебленцето тој почна
со жиличките на Ж да плете мрежичка
за главчето на цветот. Низ долги опити
тој виде дека буквата И создава црвена боја
па долго *иеше* врз него,
сè дури едно утро листенцата не запеаја
во јарко црвени гласови. На други им додаде А
и долго им *аеше* навечер, па тие се будеа жолти
а со *оење* листенцата почнуваа да се озиваат
на неговиот глас. Заклучи дека ништо друго
тој не треба да прави, зашто и со направеното
веќе се замешал во работите на Бога. Знаеше,
но од некоја чест кон него извести:
господи, јас располагам со семето на сите миризби
а тие се скриени во Е
и уште не го доречe тоа — дворот замириса
и некаде пред изгрев, на довик на мирисот,
на чардаците манастирски се покажа млада жена
што ги полеваше пеејќи им.

Тогај Бог ги крена рацете од монахот Ефтимија
и го проколна да биде поет
и да биде окован само во немаштија и ружи.

# СПОМЕНОТ НА ПУСТИНАТА

Еден човек одново шета сам
долж пресушено корито на река
и сам се прашува: што се случило,
каде е водата... Со денови шета сам
дење долж пресушеното корито на реката
ноќе низ пустината во себе
и утринава тој се собува,
ги засукува ногавиците, зацапува во празното корито,
го собира камењето, го корне билјето, го зачистува
дното;
што се случило, сам се прашува, кај исчезна водата...

И кога седна на брегот да почине
забележа едниот брег со другиот брег
како си подаваат стебла, како ги префрлаат
преку себе, испреплетуваат гранки меѓу стеблата;
камењето што го фрлаше тој од дното
бреговите го поземаа и го ставаа врз стеблата,
посипуваа земја врз нив,
и некаде на залез, забележа тој,
бреговите сами го направиле мостето
спроти воденицата.

Одново влезе во коритото и продолжи
да го чисти дното. Бреговите тоа го гледаа,
се поткреваа и шептеа нешто со тополите врз нив,
па тој не забележа пред него како се покажа
и друго место, по него пак друго,
сè некогашно и сè познато и драго,
и преплашен скокна од потајниот допир



кога го полази тенка водена жила
што се провре меѓу прстите на нозете
а потоа му ги покри стопалата

и низ тенко жуборење водата почна
да се качува по него нагоре, да се тимари,
да го гали; забележа свиткани
како лежат исушените стракчиња билки на дното
и како го тркала грагорот пред себе
еден величествен облик. И деца потоа
дотрчаа од некаде, и перачки, пеперужиња,
птици ниско надлетаа над реката,
заштрака воденицата и како црвен оган
некаде од ридовите дотрча ждребето на циганите.

Во еден миг застана реката, го исполни коритото,
се поткрена на бреговите, разгледа наоколу:
што се случи, се прашува самата, каде е човекот,
и со денови шеташе сама низ полето,
ги раскопа друмовите, ги раскорна плочите,
а кога му ги откри трагите таа се повлече во коритото,
спокојна и плавна, загледана во човекот што го чита
Борхеса:
тенкото жуборење на водата што го довикува
споменот на пустината.

## КУСТОС

Таа беше една од поретките икони
на која немаше напишано ништо:

Пепел, меч на светец во црвена кошула
и жолта птица која слетува врз пепелта.

Логично е сè рече кустосот. Врз пепелта
птицата се мачи да напише:

огнот е семе. Од неговите искри
се множат оние кои допрва ќе горат.



## ЗАРОБЕНИК

Едно стебленце стои скраја,
неугледно и грдо меѓу другите.

Никнува од самиот камен и помислуваш
дека тука, случајно се ниша тоа
на самиот раб помеѓу животот и смртта:
сиво и безизразно, со цврста кора
и безброј боцки на неа. Велиш:
тие се копјенца забодени во црнoто тело
на некој негов предок. Велам: жив препис
на неговата древна и сончева татковина.

И тогај, над нашите балкански предели
кога да зажари лето, кога да надојде жетва,
кога да згаснат сите други цветови,
тоа сивкасто стебленце ќе проговори
со сета своја тага: на врвчињата на боцките
ќе се покажат црвени крунички
порабени во жолто. Убаво го распознаваш тогај
гласот на овој заробеник:

Неговите црвени цветови
живеат само еден ден —
колку да ја поздрават својата татковина Африка
и низ долг атавизам одново да кажат
дека долго памети крвта
и дека никогаш и ништо не е изгубено.

# ПЕСНА ЗА ДЕВОЈКАТА

*На Сапфо*

Една црвена јаболка,
небаре заробено сонце,
болскаше осамена највисоко на врвот.

Со денови се искачуваа младичи,
јазеа по гранките,
попусто се мачеа да ја дофатат.

И кога фатија магли и снегови
само два овенати листа
се чипчеа покрај јаболката.

И не се заматуваше нејзиниот сјај, не згаснуваше.
блескаше јаболката на студот,
и не младичите дека ја заборавија —

туку не можеа да ја дофатат неа
— девојка на врвот на гранките. . .



# ВЕЧНОСТИ

Кога ќе поминел овој камен
покрај оној камен
овој камен од жал се свртувал
за да не го гледа оној камен.

Кога ќе поминел оној камен
покрај овој камен
оној камен од жал се свртувал
за да не го гледа овој камен.

Овој камен натаму свртен
оној камен наваму свртен
од која страна да погледаш
само гледаат како каменеат:

луѓето, билките, птиците . . .
Го скаменуваат и ова мало столетие
и ја продолжуваат земјата
овој камен и оној камен.

## РАЗГОВОР МЕЃУ ПАВЛОВ И ШАГАЛ

Еве ја мојата поетика, вели Павлов:

По долги опити, кога да му принесам
храна во чинијата и трипати да му тропнам —
го научив кучето: трипати
да го затресе синџирот и да ми лае од радости.

Кога ми го убија кучето — јас трипати
кога ќе тропнев на чинијата
— трипати сам се затресуваше синџирот
а чинијата почнуваше да квичи од болка . . .

А еве ја мојата поетика, вели Шагал:

Имав една крава која ја врзав со синџир за сонцето
и таа си пасеше меѓу покривите и ѕвездите,
покрај една древна словенска црква,
обрасната во бујно зеленило.

Не блескав нож ја воздигна неа на небесата —
туку јас, самиот, пресоздавајќи се во Бог,
зашто праобликот е мое исходиште
па — вината да ја искачам горе е

само моја.



## ТАА

Никојпат не е таа сама.
Таа се две: онаа која бесконечно молчи
и онаа која го слуша моето молчење.

Никојпат не е таа сама.
Таа се две: онаа која бесконечно чека
и онаа која влегува во своето чекање.

Никојпат не е таа сама.
Таа се две: онаа што е распната
и онаа која ги кове клинците врз себе.

Оваа песна до бесконечности продолжува
зашто никојпат не е таа сама:
сама се чита — сама се пишува:

Сама себеси врата — сама себеси клуч

# ПОВЕЛБА НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ

1. Повелба е ова што го говорам:

Не ве водам во неа туку ве изведувам од историјата
зашто ја мразам неа.
Степите на Азија ќе ви бидат
романтичен предел за прошетка.
Студ од коските ќе ви се цеди,
туѓите војски ќе ги гледате
како живи созданија без душа.
На ништо нема да се сеќавате.
Сè потоа што ќе доаѓа — ќе се сеќава
и ќе сака да прилега на вас и мртви:
исправени,
со кратка смрт
и во очите со отсјај
на оној суден меч
што ве раздели од татковината.
Вашите ребра ќе го означат неопходниот врв
според кој ќе се распознава
македонската могила во Азија
над која не месечината на Борхес
— туку сонцето ќе биде ваш заеднички епитаф.
Во татковината ќе се враќаме
според трагите на коските што ги оставаме . . .

Повелба е тоа што го говорам.

* * *

2. Ги построи своите војници —
штитови посјајни од оган,



мечови што болскаа наспроти морето,
им го раздели сето богатство на Македонија,
го зеде мечот во десната,
левата ја крена кон небото
и тргна во походи.

— Ти подели сè а за себе што остави, Велики?
— Надежта!

Со неа ќе ја откријам лирата со која Ахилес
им пееше на своите војници;
со неа просторите ќе ги заробам во време
и како граница меѓу столетијата
ќе ја оставам својата надеж
во која — сè понатаму ќе се пресоздава и множи;
со неа јас ќе одминувам и ќе се враќам
во ѕвездите; необјаснивите знаци
на луњите и на пустошот, низ надежта
ќе ги пресоздадам во тајнопис
кој како жесток призив:
мртвите ќе ги гледа живи — живите мртви
а татковината во мртвите
ќе чита свое спасоносно писмо.

* * *

3. Шаторот му го распослаа крај Иса,
под стар даб,
кајшто се насетуваа

далечни пештерски ветрови и од каде
убаво се гледаше
живите со денови
како ги собираа мртвите и ги закопуваа
на гробиштата спроти него.

— Тука не сме безбедни, Александре Велики,
на отворено сме и пусто,
местото е без плодови, без бедеми и сенки?
— А во овој пустош и во овој отворен предел
смртта не ги изнајде јунаците?
И ние не сме живи?
Сонцето ќе им биде заедничка чинија плод,
бедем ќе им бидеме ние, живите,
а сенка тие и немаат
зашто самите се светлина.
Сонцето не минува низ живите . . .



## ТЕМИСТОКЛЕ

Мое е да ја вежбам татковината:

да ја симнам од планините,
да ја поведам кон морето,
да им ги одземам копјата,
и штитовите на селаните,
да ги врзам за морнарска клупа
и весло. Дел на морето да бидат
и сјаен темел на слободата.

А кога стивна бојот
и кога виде морето како ги исфрла
мртви неговите војници на брегот
тој извика: на убаво место им е гробот
и на најбезнадежно: под нив морето —
над нив Елада,
во сјајна бела кошула,
сончев хиероглиф од крикови,
зашто смртта е само обид
да се заобиколат залудноста и заборавот!

Мое е да ја вежбам татковината!

# АРХЕОЛОГИЈА

Имаше едно осакатено и исушено стебло
веќе сраснато со земјата и едно друго,
здраво и високо уште од пред Исуса.

Го заградија просторот околу нив,
го забранија пристапот, и со години тука
истражуваа археолозите, мереа, кружеа,
сè дури не открија траги на возрасен човек
со секира крај себе
и скаменето новороденче крај него.

Од возрасниот се насетуваше само прав од коските.
Малечкото беше вертикално положено и свртено
кон сонцето, со свиткани рачиња и ножиња,
небаре во мајкина утроба.

Археолозите подоцна заклучија дека
најмалку три илјади години пред Исуса
биле умрени човекот и детето
па го чекаа професорот да одгатне
чија смрт е постара:
на возрасниот или на малечкото.

— Без двоумење, рече професорот, секој човек
исчезнува заедно со своето стебло и со
својата сенка. Очигледно е дека ова окаменето
и немуштo битие



немало сила да ја крене секирата
и да го осакати своето стебло. Практично:
детето е живо. Тоа кружи со сонцето и прашање е само
на час кога тоа одново ќе прошета тука.

Во залезот стеблото навистина фрлаше сенка
одвај да го покрие само
скаменетиот костур на детето.

## САБОТА

Сабота ја оживува радоста на душата
а небото е светло и во неговите височини
жолта птица притаено лови гласови
од црковни ѕвона.

Под птицата — момче и девојче,
на постела од лисја,
низ своите движења запишуваат
убав знак врз залезот . . .

Гледајќи ги човек лесно одгатнува
како расте овој народ невидливо:
пресоздавајќи се сам од себе,
како корен од корен, како камен од камен

— зашто мора да трае за секогаш.



## ПОПЛАДНЕ

Одненадеж се покажа тој ветар
што ги разотвори прозорците,
го издолжи и го обезличи твојот глас,
ги расфрла твоите зборови
и исчезна. По многу време,
учејќи дека умните не се надеваат,
осознавајќи дека позанимлив станува
разговорот прекинат од ветрот —
почиста станува и мислата:
никогаш нема да се возобнови ништо
што не било меѓу нас:

заборавот ќе нè заобиколи,
прозорците ќе се затворат сами,
а ти, скриена во некој збор,
одново ќе се покажеш
зашто јас не те измислувам —
јас тебе те откривам:

ведро ѕвездена вода за еден жеден човек до век!

# НА ПЛАЖА

Водата некогаш што ја оставивме
во свештен страв
сега одново нè здружи.

Си мислам: човекот го памети јазикот на водата.
Таа му шепти на исконски јазик
а тој нејасно се присетува на животот

во морето на својата мајка.

И сега гледа: лажно е ова море,
залудно и трагично ова враќање
— кон почетоците:

Водата некогаш што ја оставивме́
сега е ова скрбно море
неизвесности —

до еден суров крај!



# ШТО Е ДОБРА ТАА ПТИЦА . . .

Што е добра таа птица,
што е добра . . .

Долетува пролети, низ убав ветар,
кога се покажува зората
и со златно чеканче во клунот.

Тропна утрово на прозорецот, ја разбуди старичката
и кога се затетерави таа во дворот
птицата сви круг-два над неа.

ѝ поигра, ѝ попеја,
и одново полета
накај што се покажа зората.

Старичката се прекрсти,
птицата застана на тој крст
и ѝ откликна на старичката . . .

Да си ми жива скитнице
по мориња и по копна
што не ме забораваш . . .

Што е добра таа птица,
што е добра . . .

# ДВЕ КОШУЛИ

Две кошули
префрлени на јаже во дворот:
една ленена — една везена.

Кога да подуне ветре квечерина
везената ѝ вели на ленената:
— изгорев са̂ лето сушејќи се сама.

Кога да зацрвени небото в зори
ленената ѝ вели на везената:
— од далеку доаѓам за да не гориш сама.

Едно скршено копје
светка фрлено меѓу кошулите,
слуша што зборуваат

— само во себе се забива.



# СКАМЕНУВАЊЕ

Еден човек одново се вратил тука
и со денови шета по родниот двор,
кружи покрај еден голем камен

паднат некогаш од ѕвездите.

Гледа во каменот: живо писмо!
Се мачи да го одгатне огнот заробен во него,
да ја препознае душата на својот предок —

скриена меѓу буквите, меѓу пластовите на каменот...

Само стои и само гледа.
Каменот му ја позема мислата, му шепти,
и квечерина, кога се обиде тој да си ја поткрене раката

и да му одмавне на каменот

забележа дека веќе неповратно отпатувал:
се скаменил. Пророчки спокоен,
чесен како ѕвездите врз себе

тој се обиде да праша: кога, зошто?

Зашто си збор и зашто зборот не е живот
па затоа и трае,
му одговори каменот,

се прегрнаа и видоа дека нема болка во неизбежното.

## ПРВО ХОДОЧАСТИЕ

Стариот ковчег, во распеани бои,
со цвеќенца, со иницијали,
паѓаше в очи зашто стоеше
како камен — темелник на нов дом
кој почнуваше да се ѕида.
На одење таа го отвори ковчегот
и од него извади шамивче,
здиплено и порабено со срма.

— Не, не. Тоа треба таму да стои . . .
— Не, не. Тоа не е за таму. Тоа е
за да го тутка машка рака . . .

Ѕвезден вез. Ситно писмо,
чиј ракопис умее да го одгатне
само огнот на првото ходочастие,
таму далеку, чиниш — во древности . . .

Сега: ти некаде — таа некаде.
Две потопени есени . . .



## СВЕТЛИНА

Прелиствувам црковно календарче
и едно до друго во него стојат
Воскресение и Ѓурѓовден.
Денес е врнежливо но некоја јарка,
далечна светлина ја осветлува душата
и дворот на црквичката под мојот дом:

цигани го послале патот и ги накитиле светците
со ора, со дух, со ружани коњчиња,
со јорговаи . . .

Само оние кои некогаш биле деца
можат да појаснат зошто денес
јас не го чувствувам дождот:
таа светлина во мене не доаѓа од сонцето
туку:
од неговиот брат
— добата која одминува.*

---

* Вилијам Карлос Вилијамс: „Жолтиот оџак".

## ВЕСТ

На 8 март 1986
Радио-Скопје соопшти
дека мајките од Кабул,
во мирни демонстрации по улиците,
моделе да им се дозволи
да си ги закопаат своите загинати деца

и извикувале:

позволете им да се симнат меѓу своите врсници в
земја,
кои го бичуваат ветрот и на кои
место коса им расте трева врз главите.
Позволете им зашто
секој е крст на својата жртва

а клинците го прободуваат и крстот.



## АНКЕТА

Дали верувате во нешто— Верувам!
Доколку верувате во што
или во кого верувате?
— во Исуса? — Бог да чува!
— во Маркса? — Ни помисла!
— во друг? — Ни на сон! Јас сум селанец.

Одам на војна. Ако загинам — времето ми минува со моите врсници в земи: шетаме крај море, од испокинатите знамиња правиме шамивчиња и ги бришеме наврнатите птици. Или пак береме заборавени букви на брегот, правиме зборови од нив, им пееме на ветровите на слободата. А ако останам жив: сеам, жнеам, веам жито потоа одново тргнувам на војна зашто ѝ верувам на земјата. Само таа умее да се моли и да ги пресоздава нашите мртви коски во ѕвездена светлина под која ќе нè споменуваат децата. Јас сум ти чуден човек: ако загинам — сум жив. Ако останам жив — одам да загинам. Зашто само во земјата верувам.

## КОМПАРАТИВНА АЛГЕБРА

Имаш:

360 мали зглобови — 360 дена
12 мали зглобови — 12 месеци
4 раце и нозе — 4 годишни доба, и
9 отвори — 9 небески врати.

Седно е низ која исчезнуваш,
човеку,
осудена на вечност
— вселена си што не постои.





## ТОА Е ТАА ПТИЦА

Еден глас само, меѓу сите други, може да вознемири:
тоа изоче, утрово што слетало на твојот прозорец,
та тропа, та пее па гласот негов во тебе буди

сеќавање на тешки понижувања и бол:
едно тоа само, изочето знае, залудно и со денови
како се мачело колвејќи да го одврзе јазолот

заврзан меѓу железните шипки и пролетта.
Сега, невиното се радува, пее, тоа и не помислува
колку морничаво гласот негов гребе по душава . . .

## НЕВИНОСТ

Нашиот сосед имаше голем двор
насаден со овошки: јаболки, дуњи . . .
Со каква љубов само им ги кроеше гранките,
ги окопуваше и ги полеваше.
Но, како узреваа плодовите
така тој ги викаше децата на соседите
да си наберат плодови за дома.

Нашиот сосед никогаш не вкуси плод,
се грозеше од помислата да земе нож
и пресече јаболка. Тоа што ќе собереше
нешто за себе — стоеше на полиците
па домот му мирисаше на градина од библијата.
и долго живееше нашиот сосед.
Велеа:

> Бог ги штити оние кои умеат
> да ја чуваат невиноста.



## ПУСТИНОЖИТЕЛ ЈОН

Трага од него не остана никаква:

Збор не изусти со никого,
заспиваше и се будеше покрај пештера
што веќе ја нема. Кошулата со илјадници
бубачки и тревки ја понел со себе,
огништата што ги палел есени по ливадите
обраснале како никогаш и ништо да не било:

— сега таму, најбрзо од сè расте заборавот.

Никој веќе не го гиба и каменот
на кој квечерина клекнуваше да се моли
па долго низ ноќта небото црвенееше
од неговиот глас. И никој не стапна
на таа патека по која одминал сам
небаре Исус покрај Мртвото море . . .

— сега таму најбрзо од сè расте заборавот.

Едни велеа: се здружи со оние што не беа.
Други велеа: само земјата знае да каже нешто за
него.
Трети велеа: тој уште приживе беше небовиден.
Сега се крие меѓу нашите зборови и молчи,
и тука трагите му исчезнуваат.

# КАМЕНОТ ШТО ГО ОДМИНУВАТЕ

Овој камен некогаш шеташе по овие ливади
но молчеше и кога беше жив:

Љубеше да открива зборови низ пустошот,
да ги лачи од песокот и низ голем порив
да ги таложи врз себеси, да се скаменува.

Гледајќи го — птиците и билките ги множеа
неговите облици; на поколенија ѕвезди,
кружејќи над него, се откажуваа од својот оган
и се скаменуваа,
Иднината, низ долго искуство,
во него ја гледаше својата величествена слика
и ѝ пееше на вечноста.

Овој камен одгатнувал народи
кои ја напуштале историјата,
ја обликувал силата со која
напуштените огништа станувале освета,
им ковел мечови на воините и сам носел меч,
но никогаш не се вратил понижен од војните.

Овој камен, ова живо минато
залудно што ѝ појаснува нешто на вечноста.



# ПРИЗЕМНА АСТРОНОМИЈА

Со кормила што би ги управувале ѕвездени ветрови
ние за кусо време би ја испловиле
вселената.

Но, кога ќе се вратиме,
сонцето ќе биде веќе спепелено,
земјата јагленосана,

и ќе нема кој да ни пожели добредојде.
Затоа останавме тука, врзани за земјата,
со столетија раскопувајќи ја

и учејќи од коските во неа
дека камшикот се движи побрзо од звукот
а животот побрзо од сите светлини . . .

## ПРОСЛАВА. СВЕЧЕНОСТИ

Број — но тоа е така:
Се сториле цели триесет години заедно.
Сме родиле деца, сме домеле дом,
сме се подналутувале, низ исти огнови
и низ слични радости сме минале.

И рековме ајде: прво ќе ги посетиме оние
кои скришум од нас се молеа да нè зближат.
Им оставивме цвеќе, запаливме свеќи,
рековме: тишината им е сојузник
а и самите се длабока тишина.
Продолживме потоа залудно да ги бараме
нашите младешки кафеани,
нашите улици, стебла и тротоари . . .

В зори кога се вративме дома
сè беше будно и на нога:
книгите, часовниците, сликите . . .
И нашите две перници
беа свртени една кон друга
и во еден глас нè укоруваа:
— каде сте вие до сега?

И си ги префрлија, потоа, рацете
преку рамиња, почнаа да се задеваат,
да се милуваат, да си играат,
како што си играа некогаш две деца
во една позлатена, во една неоскверната,
во една дивна македонска есен.



## ЛОВ

*На веста за смртта на Ватсјајан Агјеј*

Првпат кога го поведоа на лов
случајот сакаше на сртот тој да забележи
дивокоза со нејзиното малечко.

И долго ловците чекаа јаренцето да се подистави,
да се поодмести,
но не се случи тоа:
јаренцето стоеше точно меѓу сонцето и нишанот
како штит врз срцето на мајка му.
И не дека тоа нешто знаеше за опасноста
што ја демнеше неа,
туку провидението него непогрешливо го учеше
да не се одместува,
да си стои тука.

„Понекогаш, значи,
цел на видикот нема,
ниту пак стрела на лакот.
Но јас несвесно тогај
ја оптегнувам тетивата,
не гаѓам а сепак некаде,
којзнае каде,
некое срце е погодено."

## ПСАЛМ 2

Изучувајќи ги медицинските науки
мене ме возбуди фактот
дека човекот во својата крв

има точно толку железо
колку што е потребно
за да се исковат доволно клинци

за едно распетие. Си мислам:
кој ќе го открие санскритот
дури патуваме кон ѕвездите?

Си мислам: секој од нас е некој иден Исус
зашто со своја крв може да си го потпише
своето исчезнување.



## ПСАЛМ 3

Некогаш, среде сиот човеков неред
имав спокојство да го наслушам
и шепотот на плодот во мајката.

Сега, и откорнувањето на стеблата
среде летна луња
не го забележувам.

Со тага си мислам јас за тоа
и не од болест туку од страв и грижи,
небаре пустиник, уште пред изгрев,

скитам и преповторувам:
кога не можевме ние — тоа
бог нека ги состави коските на мојата земја

доколку има бог и — доколку остана земја.

Содржина


Врвои — 5
Дрво што крвари — 6
Во мислите дом — 7
Запис за ковачот — 8
Камено око — 9
Орлица, орница, ортома — 10
Есенска, за нас двајцата — 11
Лековита — 12
Пустина — 13
Точна дијагноза — 14
Епитаф — 15
Запис — 16
Одново во Солун — 17
Второто создавање, и, конечно — 18
Барам едно место — 20
Свештен страв — 21
Аналогии — 22
Недостижност — 23
Пресушено море — 24
Кога би се случило тоа — 25
Палимпсести — 26
Одговор — 27
Вечерно — 28
Залудност — 29
На разделба, пред да се вратиш во својата татковина — 30
Јидиш — молитва — 31
Антигона — 32
Вероломно писмо — 33
Автономност — 34
Епитаф на монах Теодор от Гари — 35
Ќе чекам — 36
Алелуја — 37
Сенката на синоокиот младич — 38
Каменот на Жан Русло — 39
Копнеж — 40
Кон моите врсници — 41
Запис — 42
Откривање на огниште в планина — 43
Црно оро — 44
Црниот ангел — 45
Довикувања — 46
Споменик — 47
По потопот — 48
Еден осамен човек — 49
Река — 50
Се сеќавам јас на таа птица — 51
Сеќавање — 52
Камена приказна — 53
Два камени столба — 54
Шетајќи по брегот на Егејското море — 55
Волкот — 56
Патувајќи со Фенг по Македонија — 57
Монахот од Кучевишта што создава ружи — 58
Споменот на пустината — 59
Кустос — 61
Заробеник — 62
Песна за девојката — 63
Вечности — 64
Разговор меѓу Павлов и Шагал — 65
Таа — 66
Повелба на Александар Македонски — 67
Темистокле — 70
Археологија — 71
Сабота — 73
Попладне — 74
На плажа — 75
Што е добра таа птица — 76
Две кошули — 77
Скаменување — 78
Прво ходочастие — 79

Светлина — — — — — — — — — — 80
Вест — — — — — — — — — 81
Анкета — — — — — — — — — — 82
Компаративна алгебра — — — — — — — 83
Тоа е таа птица — — — — — — — — 84
Невиност — — — — — — — — — — 85
Пустиножител Јон — — — — — — — — 86
Каменот што го одминувате — — — — — 87
Приземна астрономија — — — — — — 88
Прослава, свечености — — — — — — — 89
Лов — — — — — — — — — — — 90
Псалм 2 — — — — — — — — — — 91
Псалм 3 — — — — — — — — — — 92

*Издавач* МИСЛА — Скопје *Анте Поповски*
НЕНАСЛОВЕНА *Главен уредник* Божин Павловски
*Уредници* Лилјана Угриновска Ташко Георгиевски
*Ликовен уредник* Кочо Фидановски *Илустрација на корицата* Благој Дрнков *Коректура* Елисавета Бежановска
*Печат* Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје 1988

Анте
Поповски
Ненасловена

МИСЛА

ISBN 86-15-00006-9